# Јавен повик
# за запишување и купување на обврзница
# на НЛБ Тутунска банка АД Скопје- НЛБТБ1

**1.** Број на Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за одобрување на емисијата, бр.07-609/7, од ден 07.05.2008 година.

## 2. Податоци за основање и капитал на издавачот

**2.1.** НЛБ Тутунска банка АД Скопје, бул.,,12-та Македонска бригада,, бр.20, 1000 Скопје, Република Македонија (во понатамошниот текст: Банката или издавачот).

**2.2.** Банката е основана на 25.03.1993 година, како акционерско друштво, со ЕМБС 4664531 и е регистрирана на неопределено време во Централниот регистар на РМ. Основна шифра на дејност на издавачот е 06.1- банка и ги врши сите активности и дејности предвидени со Законот за банки и со Решението бр.1849 на Гувернерот на Народната банка на Република Македонија издадено на 11.03.2008 година.

**2.3.** Банката е организирана како универзална комерцијална Банка со седиште во Скопје. Банката има 34 експозитури и шалтери во 19 градови во Македонија, како составен дел на Банката преку коишто се врши целосно опслужување на клиентите. Експозитурите и шалтерите имаат овластување за вршење платен промет.

**2.4.** Вкупни сопствени средства (капитал) на Банката, врз основа на консолидирани ревидирани финансиски извештаи за 2007 година:

| ***Во 000 денари*** | **31.12.2006** | **31.12.2007** |
|---|---|---|
| Запишан капитал | 693.866 | 785.621 |
| Премии од акции | 968.422 | 1.610.707 |
| Ревалоризациона резерва | 120.458 | 213.093 |
| Резерви | 501.711 | 535.187 |
| Акумулирана добивка | 649.150 | 833.658 |
| **Вкупно** | **2.933.607** | **3.978.266** |

**2.5.** Капиталот (основната главнина) на Банката на 31.12.2006 година изнесува 693.866.000 МКД и се состои од 643.645 обични акции и 50.221 приоритетни акции со номинална вредност од 1000 МКД по акција. На 31.12.2007 година, основната главнина изнесува 785.621.000 МКД и се состои од 735.400 обични акции и 50.221 приоритетни акции со номинална вредност од 1000 МКД по акција.

Обичните акции издадени од Банката на нивните сопственици им даваат:

1) право на глас на седница на Собранието на акционери;
2) право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
3) право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Приоритетните акции покрај правото на исплата на дел од добивката (дивиденда) и правото на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката, ги даваат и следните повластени права: правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата, право на првенство при исплата на дивиденда и при исплата на остаток од ликвидациона, односно стечајна маса, само доколку тоа е определено со одлуката за нивната емисија. Износот на приоритетните акции, без право на глас во Банката, не може да биде поголем од 10% од вкупните акции во Банката.

**2.6.** Акционери кои учествуваат со повеќе од 10% во основната главнина на акционерското друштво:

| | |
|---|---|
| LHB Inetrnationale Handelsbank AG | 29,83% |
| NLB InterFinanz AG | 29,04% |
| Nova Ljubljanska banka d.d. | 26,96%. |

## 3. Податоци за дејноста на издавачот:

**3.1.** Банката ги врши сите активности и дејности предвидени со Законот за банки и Решението на Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, бр.1849 издадено на 11.03.2008 година.

**Активности кои ги врши Банката во согласност со Законот за Банки:**

1) прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2) кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3) кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4) издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5) финансиски лизинг;
6) менувачки работи;
7) платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
8) издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
9) изнајмување сефови, остава и депо;
10) тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
11) тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
12) тргување со хартии од вредност (*Банката може оваа активност да ја врши само по добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност);
13) тргување со финансиски деривати;
14) давање услуги на банка-чувар на имот;
15) посредување во продажба на полиси за осигурување;
16) посредување во склучување договори за кредити и заеми;
17) обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
18) економско-финансиски консалтинг и
19) други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

**3.2.** Основни податоци за лицата во управниот одбор, одборот за ризик, одборот за ревизија и работоводниот орган на Банката:

**3.2.1.** **Матеј Нарат,** Претседател на Управен одбор на НЛБ Тутунска банка, од 13.04.2006 година до денес, со мандат од 4 години. Член на Управата на Nova Ljbljanska banka d.d. Љубљана. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор и Одлука за именување на членови на Надзорен одбор, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот на членот на Управен одбор трае до добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор.

**Алојз Јамник,** Заменик претседател на Управен одбор на НЛБ Тутунска банка, од 13.04.2006 година до денес, со мандат од 4 години и член на Одборот за управување со ризик на Банката. Член на Управата на Nova Ljbljanska banka d.d. Љубљана. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор и Одлука за именување на членови на Надзорен одбор, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот на членот на Управен одбор трае до добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор.

**Борис Закрајшек,** Член на Управен одбор на НЛБ Тутунска банка од 13.04.2006 година до денес, со мандат од 4 години и член на Одборот за управување со ризик на Банката. Претседател на Управниот одбор на LHB Internationale Handelsabank AG, Frankfurt/Main. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор и Одлука за именување на членови на Надзорен одбор, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот на членот на Управен одбор трае до добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор.

**Јанко Гедрих,** Член на Управен одбор на НЛБ Тутунска банка од 13.04.2006 година до денес, со мандат од 4 години и член на Одборот за управување со ризик на Банката. Член на Управата на NLB Pristina, Приштина. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор и Одлука за именување на членови на Надзорен одбор, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот

на членот на Управен одбор трае до добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор.

**Ѓорѓи Јанчевски**, Прв генерален директор. Од 1998 година до денес ја извршува функцијата Прв генерален директор на НЛБ Тутунска банка, со мандат до 10.01.2011 година.

**Митре Колишевски**, Втор генерален директор. Од 2000г. до јануари 2006г. е директор на Лизинг компанија ЛБИС ДООЕЛ Скопје. Од јануари 2006г. ја извршува функцијата Втор генерален директор на НЛБ Тутунска банка, со мандат до 10.01.2011 година.

**Љубе Рајевски**, Генерален директор. Од 2001г. до јануари 2006г. е Втор генерален директор на НЛБ Тутунска банка. Од јануари 2006г. ја извршува функцијата Генерален директор на НЛБ Тутунска банка, со мандат до 10.01.2011 година.

**Томе Перински,** Генерален директор. Од 2001 година па до денес ја извршува функцијата Генерален директор на НЛБ Тутунска банка, со мандат до 10.01.2011 година.

**Ирена Косиќ**, Претседател Одбор за ревизија. Од 2001 година работи во Сектор за финансиско сметководство на Nova Ljbljanska banka d.d Љубљана. Претседател на Одборот за ревизија на НЛБ Тутунска банка со мандат од 2 години, именувана на 28.03.2007г. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Одбор за ревизија и Одлука за именување на членови на Одбор за ревизија, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот на членот на Управен одбор трае до добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор.

**Стојан Јорданов**, Член на Одбор за ревизија. Од Април 2005 е основач и управител на Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје. Член на Одборот за ревизија на НЛБ Тутунска банка со мандат од 2 години, именуван на 28.03.2007г. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Одбор за ревизија и Одлука за именување на членови на Одбор за ревизија, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот на членот на Управен одбор трае до добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор.

*** Напомена** : Согласно новиот Закон за банки (Службен весник бр. 67 од 01.06.2007 година), Банките се должни да се усогласат со одредбите од законот што се однесуваат на органите на банката во рок од 18 месеци од денот на влегување во сила на законот. Банките се должни најдоцна 12 месеца пред истекот на посочениот рок, да поднесат до НБРМ барање за издавање на согласност за постојните или именување на нови членови на Надзорен одбор.

НЛБ Тутунска банка АД Скопје во законски предвидениот рок поднесе барање до НБРМ за издавање на согласност за членови на Надзорен одбор. На ден 22.02.2008 година НБРМ донесе Решенија со кои се издава претходна согласност за членови на **Надзорен одбор на следните 5 (пет) лица: Матеј Нарат, Алојз Јамник, Борис Закрајшек, Јанко Гедрих и Абдулменаф Беџети,** (како независен член на Надзорен одбор). Согласно член 53 од Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, Надзорниот одбор брои 6 членови. Врз основа на член 88 од Законот за банки (Службен весник бр. 67 од 01.06.2007 година), најмалку една четвртина од членовите на Надзорен одбор на банката мора да бидат независни членови. Следува дека Надзорниот одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје треба да има минимум 2 (двајца) независни членови. Затоа што се уште не е именуван и не е добиена согласност од НБРМ за уште еден независен член на Надзорниот одбор, составот на Надзорниот одбор не е конституиран и Банката се уште работи со стариот состав на Управен одбор.

Согласно новиот Закон за банки, член 91, мнозинство на членовите во Одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на Надзорен одбор. На Собранието на акционери одржано на ден 22.11.2008 година е избран нов состав на **Одборот за**

**ревизија: Матеј Нарат, Алојз Јамник, Јанко Гедрих, Абдулменаф Беџети и Стојан Јорданов**. Новиот Одбор за ревизија ќе отпочне со работа по конституирање на новиот Надзорен одбор. Во периодот до комплетно усогласување со новиот Закон за банки, во делот на органите, Одборот за ревизија на НЛБ Тутунска банка, работи во стариот состав.

**Абдулменаф Беџети,** Про-ректор за Финансиско планирање и развој на ЈИЕ – Универзитет, Р.Македонија. Член на Надзорниот одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје со мандат од 4 години, именуван 22.11.2007 година. Во врска со усогласување со новиот Закон за банки, а согласно Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор и Одлука за именување на членови на Надзорен одбор, донесени на Собрание на акционери на ден 22.11.2007 година, мандатот на членот на Надзорен одбор отпочнува по добивање на согласност од Народна банка на Република Македонија за измени на Статутот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје и за именување на членови на Надзорен одбор. Донесено Решение од Гувернер на НБРМ бр. 1383 од 22.02.2008 година, со кое се издава претходна согласност г. Абдулменаф Беџети да биде именуван за член на Надзорен одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Членовите на органите на управување на Банката не се осудувани за кривични дела од областа на финансиското работење и против нив не се во тек судски постапки во однос на финансиското работење.

**3.2.2.** Членовите на органите на управување на Банката се членови во управни одбори на следните акционерски друштва:

Матеј Нарат, е член на управен, односно надзорен одбор на NLB Banka Domzale d.d., Домжале, Banka Celje d.d., Цеље, NLB Propria, NLB Tuzlanska banka d.d.,Тузла, NLB Montenegro banka a.d. Подгороца, Adria Bank AG, Виена;

Алојз Јамник, е член на управен, односно надзорен одбор на NLB Leasing d.o.o., Љубљана, Banka Celje d.d., Цеље, Mladinska knjiga Zalozba d.d., Љубљана, NLB Pristina sh.a., Приштина, LHB AG, Франкфурт;

Борис Закрајшек, е член на управен, односно надзорен одбор на NLB LHB Beograd.

**3.2.3.** Акции на членовите на органите на управување на Банката во други акционерски друштва, износ и вид на акции:

Томе Перински, е сопственик на акции во следните друштва: 2600 обични акции во Гранит АД Скопје, 825 обични акции во Комерцијална банка АД Скопје, 57 обични акции во Макпетрол АД Скопје, 2605 обични акции во Топлификација АД Скопје, 350 обични акции во Уни банка АД Скопје, 200 обични акции во Кјуби Македонија АД Скопје, 600 обични акции во Комуна АД Скопје, 4300 обични акции во АД Македонски телекомуникации АД Скопје, 100 обични акции во Македонија Турист, 20 обични акции во Скопски пазар АД Скопје, 3200 обични акции во Стопанска банка АД Скопје, 200 обични акции во Тетекс Тетово, 124 обични акции во РЖ Услуги, 100 обични акции во ВВ Тиквеш Скопје.

**3.2.4.** На 31.12.2007 година, сопствено учество во основната главнина на Банката имаат следните членови на органите на управување на Банката:

Ѓорѓи Јанчевски, 2069 акции или 0,26% од основната главнина

Љубе Рајевски, 718 акции или 0,09% од основната главнина

Томе Перински, 679 акции или 0,09% од основната главнина.

Останатите членови на органите на управување на издавачот не поседуваат акции на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

**3.3. Број на вработени и квалификациона структура**

На 31.12.2007 година, од вкупно 564 вработени во Банката, 76% се со висока стручна спрема, 2% со виша и 22% со средна стручна спрема.

**3.4. Значајни активности во тек**

Согласно новиот Закон за банки (Службен весник бр. 67 од 01.06.2007 година), Банките се должни да се усогласат со одредбите од законот што се однесуваат на статутот, висината на почетниот капитал, финансиските активности и органите на банката во рок од 18 месеци од денот на влегување во сила на законот. Банките се должни најдоцна 12 месеца пред истекот на посочениот рок, да

поднесат до НБРМ барање за издавање на согласност за усогласување на статутот, барање за издавање на согласност за постојните или именување на нови членови на надзорен одбор и барање за согласност за усогласување на финансиските активности за кои е потребна претходна согласност. НЛБ Тутунска банка АД Скопје во законски предвидениот рок поднесе барање до НБРМ за согласност за усогласување на статутот, барање за издавање на согласност за членови на надзорен одбор, барање за согласност за усогласување на финансиските активности за кои е потребна претходна согласност, барање за добивање согласност на постојните акционери со квалификувано учество во банката (директно или индиректно) кои поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции, заради усогласување со одредбите од новиот закон што се однесуваат на стекнување на акции во банка.

НЛБ Тутунска банка АД Скопје, до овој момент има добиено согласности од НБРМ за усогласување на Статутот на Банката, за постојните акционери со квалификувано учество во Банката, согласност за 5 (пет) членови на Надзорен одбор и за финансиските активности (платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи, тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали, тргување со хартии од вредност, тргување со финансиски деривати, давање услуги на банка-чувар на имот). Следи да се именува и добие согласност за уште 1 (еден) независен член на Надзорниот одбор, по што ќе се конституира Надзорниот одбор.

## 4. Податоци за дејноста на финансиското работење на Банката

### 4.1. Билансни податоци

#### 4.1.1. Ревидиран консолидиран биланс на состојба изготвен во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, за претходни три години

*Во илјади МКД*

| | 31.12.2007 | 31.12.2006 | 31.12.2005 | 31.12.2004 |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| Парични средства и депозити кај НБРМ | 4,218,346 | 3,659,213 | 2,287,926 | 1,688,137 |
| Благајнички записи и државни записи | 8,206,838 | 4,956,513 | 2,470,659 | 399,506 |
| Финансиски инструменти за тргување | 650,949 | 91,159 | - | - |
| Пласмани во, и кредити на други банки | 4,396,169 | 2,966,703 | 4,196,375 | 4,629,900 |
| Кредити и аванси дадени на останати клиенти | 22,699,921 | 15,707,331 | 11,659,229 | 8,548,023 |
| Останата актива | 256,806 | 354,195 | 297,142 | 152,999 |
| Други вложувања | 1,481,523 | 1,145,280 | 987,865 | 536,766 |
| Недвижности дадени под закуп | - | 52,949 | 54,608 | 56,268 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 43,447 | 40,790 | 28,628 | - |
| Нематеријални средства | 69,889 | 62,900 | 21,946 | 22,703 |
| Недвижности, постројки и опрема | 674,574 | 533,468 | 524,065 | 517,578 |
| **Вкупна актива** | **42,698,462** | **29,570,501** | **22,528,443** | **16,551,880** |
| **Обврски** | | | | |
| Депозити на банки и други финансиски организации | 2,146,872 | 1,606,883 | 492,616 | 437,988 |
| Депозити на други клиенти | 27,376,943 | 18,546,295 | 12,745,816 | 10,085,415 |
| Обврски по кредити | 7,727,525 | 5,645,454 | 6,037,506 | 3,025,767 |
| Субординирани обврски | 786,120 | 314,075 | - | - |
| Останати обврски | 292,153 | 177,966 | 105,203 | 127,718 |
| Посебна резерва за вонбилансни ставки | 356,296 | 299,337 | 271,004 | 261,643 |
| Обврски за данок од добивка | 5,229 | 25,627 | 19,296 | - |
| Одложени обврски за данок | 29,058 | 21,257 | 20,077 | 3,783 |
| **Вкупно обврски** | **38,720,196** | **26,636,894** | **19,691,518** | **13,942,314** |
| Акционерски капитал | 785,621 | 693,866 | 693,866 | 693,866 |
| Премии од акции | 1,610,707 | 968,422 | 968,422 | 968,422 |
| Резерви | 833,658 | 622,169 | 587,020 | 435,666 |
| Задржана добивка | 748,280 | 649,150 | 587,617 | 511,612 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **3,978,266** | **2,933,607** | **2,836,925** | **2,609,566** |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | **42,698,462** | **29,570,501** | **22,528,443** | **16,551,880** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Потенцијални и превземени обврски** | **7.219.545** | **4.941.851** | **3.289.406** | **2.934.455** |

***НАПОМЕНА:*** *Ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2007 година се одобрени од Управниот одбор на Банката, а дополнително ќе бидат ставени на усвојување на седницата на Годишното собрание на Банката.*

### 4.1.2. Ревидиран консолидиран биланс на успех изготвен во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, за претходни три години

*Во илјади МКД*

| | 31.12.2007 | 31.12.2006 | 31.12.2005 | 31.12.2004 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од камата | 2,629,716 | 1,840,695 | 1,392,991 | 982,550 |
| Расходи од камата | (1,145,257) | (654,794) | (455,790) | (317,652) |
| **Нето приходи од камата** | **1,484,459** | **1,185,901** | **937,201** | **664,898** |
| Приходи од провизии и надомести | 593,270 | 458,270 | 417,395 | 316,554 |
| Расходи од провизии и надомести | (93,649) | (78,273) | (73,662) | (34,363) |
| **Нето приходи од провизии и надомести** | **499,621** | **379,997** | **343,733** | **282,191** |
| Приходи од дивиденди | 8,069 | 4,172 | 3,664 | 7,022 |
| Нето приходи од тргување | 17,273 | 1,246 | 25,354 | 33,972 |
| Нето приходи од курсни разлики | 125,730 | 135,885 | 119,079 | 68,687 |
| Останати приходи од дејноста | 36,359 | 72,887 | 27,351 | 24.397 |
| **Приходи од дејноста** | **2,171,511** | **1,780,088** | **1,456,382** | **1,081,167** |
| Останати расходи од дејноста | (1,050,535) | (807,223) | (681,544) | (526,181) |
| Нето загуби поради оштетување | (456,066) | (463,516) | (335,857) | (245,709) |
| **Расходи од дејноста** | **(1,506,601)** | **(1,270,739)** | **(1,017,401)** | **(771,890)** |
| **Добивка од дејноста** | **664,910** | **509,349** | **438,981** | **309,277** |
| Дел од добивка/загуба на придружени претпријатија | 2,657 | (2,824) | (16,514) | - |
| **Добивка пред оданочување** | **667,567** | **506,525** | **422,467** | **309,277** |
| Данок од добивка | (76,977) | (80,702) | (54,483) | (33,889) |
| **Нето добивка за годината** | **590,590** | **425,823** | **367,984** | **275,388** |

***НАПОМЕНА:*** *Ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2007 година се одобрени од Управниот одбор на Банката, а дополнително ќе бидат ставени на усвојување на седницата на Годишното собрание на Банката.*

## 4.2. Мислење на овластен ревизор

**До Акционерите на НЛБ Тутунска Банка АД - Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на НЛБ Тутунска Банка А.Д. - Скопје и нејзината подружница НЛБ ТутунскаБрокер А.Д. – Скопје (заедно "Групата") коишто го вклучуваат консолидираниот биланс на состојба заклучно со 31 декември 2007 година, како и консолидираниот биланс на успех, консолидираниот извештај за промени во главнината и консолидираниот извештај за парични текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на систем на интерна контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на

ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менеџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според наше мислење, приложените консолидирани финансиски извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Групата заклучно со 31 декември 2007 година како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување

PricewaterhouseCoopers dooel

Скопје, 10 Март 2008

---

**Извештај на ревизорот до акционерите на НЛБ Тутунска банка АД Скопје**

Извршивме ревизија на придружните консолидирани финансиски извештаи на НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје („Банката„), кои се состојат од консолидираниот биланс на состојба на 31 декември 2006 година и консолидираниот биланс на успех, консолидираниот извештај за промените на капиталот, консолидираниот извештај за паричниот тек за годината тогаш завршена, како и осврт на значајните сметководствени политики и останати белешки. Финансиските извештаи на Банката за годината завршена на 31 декември 2005 беа ревидирани од друг ревизор, чиј што извештај издаден на 22 март 2006 година искажа мнение без резерва за тие финансиски извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на систем на интерни контроли соодветни за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи кои не содржат материјално значајни грешки, било како резултат на измама или ненамерно направени грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; и правење на сметководствени проценки кои се разумни на соодветните околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Оваа ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Банката за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли кои се воспоставени во Банката. Ревизијата исто така вклучува осврт за адекватноста на користените сметководствени принципи и проценки направени од страна на раководството, како и оценка на целокупното прикажување на информациите во финансиските извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

*Мнение*

Според наше мнение, консолидираните финансиски извештаи реално и објективно ја прикажуваат консолидираната финансиска состојба на Банката на 31 декември 2006 година како и консолидираниот резултат од работењето и консолидираниот паричен тек за годината тогаш завршена, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

28 февруари 2007 година КПМГ
Скопје

---

**До Акционерите и Управниот Одбор на Тутунска Банка А.Д. - Скопје**

Извршивме економско - финансиска ревизија на придружниот консолидиран биланс на состојба на Тутунска Банка А.Д. - Скопје ("Групата"), и нејзината подружница Тутунскаброкер А.Д. - Скопје, заеднички именувани како Групата на 31 декември 2005 година, како и на поврзаните со него извештаи за билансот на успех и паричен тек за годината тогаш завршена. Одговорноста за консолидираните финансиски извештаи е на раководството на Групата. Нашата обврска е да изразиме независно мислење засновано на извршената ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Групата.

Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди на ревизијата. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумна сигурност за тоа дека финансиските извештаи не содржат значајни материјални грешки. Ревизијата вклучува испитување, врз основа на тестирање, докази кои што ги потврдуваат износите и прилозите во финансиските извештаи. Ревизијата исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од страна на раководството, како и вреднување на севкупната презентација на финансиските извештаи. Веруваме дека нашата ревизија обезбеди разумна основа за нашето мислење.

Според нашето мислење финансиските извештаи во сите материјални аспекти реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Групата заклучно со 31 декември 2005 година, резултатите од работењето, како и паричниот тек за годината што завршува тогаш, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

PricewaterhouseCoopers Дооел

Скопје,
22 март 2006 година.

---

**До Собранието на Тутунска Банка А.Д. – Скопје**

Извршивме економско - финансиска ревизија на придружниот консолидиран биланс на состојба на Тутунска Банка А.Д. - Скопје ("Групата"), и нејзината подружница Тутунскаброкер А.Д. - Скопје, заеднички именувани како Групата на 31 декември 2004 година, како и на поврзаните со него извештаи за билансот на успех и паричен тек за годината тогаш завршена. Одговорноста за консолидираните финансиски извештаи прикажани од 3 до 34 страна е на раководството на Групата. Нашата обврска е да изразиме независно мислење засновано на извршената ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Групата.

Економско - финансиската ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизијата. Овие стандарди бараат од нас да планираме и извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со доволно докази кои ќе ни обезбедат разумна увереност дали консолидираните финансиски извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско - финансиската ревизија вклучува испитување, врз основа на тестирање на евиденцијата што ги поткрепува износите и прилозите во консолидираните финансиски извештаи. Таа исто така вклучува и оценка на значајните пресметки и мислења од раководството при подготовката на консолидираните финансиски извештаи, како и дали сметководствените политики се соодветни на околностите на Групата, конзистентно применети и адекватно изложени.

Според наше мислење консолидираните финансиски извештаи во сите материјални аспекти реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Групата на ден 31 декември 2004 година, резултатите од работењето и паричниот тек за тогаш завршената година, во согласност со Меѓународните финансиски стандарди за известување.

PricewaterhouseCoopers

Скопје
29 март 2005 година.

---

***НАПОМЕНА:*** *Ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2007 година се одобрени од Управниот одбор на Банката, а дополнително ќе бидат ставени на усвојување на седницата на Годишното собрание на Банката.*

## 4.3. Релативни показатели за работењето на Банката на денот на последната годишна сметка и последниот квартал пред поднесување на барањето за давање одобрение за емисија на хартии од вредност

| Во % | 31.12.2006 | 31.12.2007 |
|---|---|---|
| Адекватност на капиталот | 12,17 | 12,90 |
| Учество на капиталот во пасивата | 9,92 | 9,32 |
| Учество на средства од граѓани во пасивата | 28,2 | 30,9 |
| Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори | 97,2 | 88,9 |
| Однос на девизната пасива и девизната актива | -9,55 | 21,01 |
| Голема кредитна изложеност во однос на гарантниот капитал | 174,2 | 138,5 |

| | | |
|---|---|---|
| Учество на кредитна изложеност во ризични категории В во вкупна кредитна изложеност | 3,04 | 1,84 |
| Учество на кредитна изложеност во ризични категории Г во вкупна кредитна изложеност | 0,75 | 0,81 |
| Учество на кредитна изложеност во ризични категории  Д во вкупна кредитна изложеност | 0,17 | 0,16 |
| **Учество на Банката во основната главнина на други друштва во %** | **31.12.2006** | **31.12.2007** |
| Трајни вложувања на Банката во претпријатија | | |
| ТАБАК АД - Охрид | 17,22 | 17,22 |
| ДПУТ Југотутун АД - Скопје | 0,98 | 0,98 |
| Трајни вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции | | |
| ЦДХВ АД - Скопје | 5,03 | 5,03 |
| Клириншка куќа КИБС АД - Скопје | 8,11 | 8,11 |
| Пазар на пари и краткорочни хартии од вредност АД во ликвидација - Скопје | 3,85 | / |
| Комерцијална банка АД - Скопје | 0,08 | 0,08 |
| Сава Табак осигурување АД - Скопје | 2,76 | 2,76 |
| НЛБ Тутунска брокер АД - Скопје | 100,00 | 100,00 |
| Нов Пензиски фонд АД - Скопје | 49,00 | 49,00 |
| S.W.I.F.T | 0,00 | 0,00 |
| MasterCard Incorporated | 0,00 | / |
| **Во 000 МКД** | **31.12.2006** | **31.12.2007** |
| Пласмани на Банката во основни средства | 596.368 | 744.463 |
| Вкупен платен промет спрема странство за претходната година и за тековната година | 668.664.346 | 868.839.594 |
| Вкупна девизна заштеда на граѓани за претходната година и за тековната година | 5.675.391 | 6.786.789 |

**4.4.** Банката нема реални обврски на сопственоста.

**4.5.** Банката нема значајни правни постапки во тек, кои може битно да влијаат на нејзината финансиска положба.

**4.6.** Движење на ликвидноста. НЛБ Тутунска банка во изминатата 2007 година, бележи континуирано висока ликвидносна позиција. Потребниот обем на краткорочни ликвидни средства го обезбедува од сопствената депозитна база од работењето со комитентите и по потреба на меѓубанкарскиот пазар на пари. Рочната структура во билансите на Банката се усклaдува со обезбедување долгорочни извори на средства од домашни и странски извори. На денот на поднесување на барањето за одобрение за издавање хартии од вредност по пат на јавна понуда, Банката нема достасани, а неплатени обврски.

**4.7.** Во 2006 година, Банката исплати дивиденда во износ од 537,00 МКД по акција.

**5. Коментар на менаџментот на Банката за резултатите од работењето согласно ревидираните <u>неконсолидирани</u> финансиски извештаи на Банката за 2007 година изготвени во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија, за условите во кои работи и за финансиските показатели за хартиите од вредност на Банката**

Во текот на 2007 година Банката, ги извршуваше финансиските активности предвидени со Деловната политика за 2007 година и Стратешките насоки на Банката за 2007-2009 година. Планираните таргети за годината во голем дел се надминати, со пораст на бизнисот во сите сегменти на работење, пораст на клиентската база, зголемено пазарно учество во сите сегменти од пазарот и зголемена профитабилност на Банката. Во 2007 година Банката оствари билансна сума од 42.474.928 илјади МКД или пораст на потенцијалот од 44,2%. Депозитите од клиенти се зголемени за 47,5% а пласманите кај клиенти се повисоки за 45,0%. Нето добивката во 2007 година изнесува 552.581 ијлади МКД и е за 36,1% повисока во однос на 2006 година. Притоа е остварен поврат на капиталот (РОЕ) пред оданочување од 23,3%, а економичноста на работењето изразена преку показателот Cost/Income изнесува 48,48%. Адекватноста на капиталот на крајот од 2007 година изнесува 12,90%. Заработката по акција на Банката за 2007 година изнесува 775,04 МКД, додека во 2006 истата изнесуваше 585,17 МКД.

**5.1. Тргување со хартиите од вредност на Банката**

Со Акциите издадени од Банката се тргува на пазарот на јавно поседувани друштва, неофицијален пазар на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност. Акциите издадени од Банката, се вклучени во пресметката на официјалниот берзански Индекс на јавно поседувани друштва (МБИД).

Податоци за тргувањето со обичните акции по месеци во текот на 2007 и 2008г.

| Месец | Денови на тргување | Број на трансакции | Количина | Вредност во мкд | Максимална цена во мкд | Минимална цена во мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари 2007 | 14 | 37 | 615 | 6.301.269 | 11.001 | 9.569 |
| Февруари | 17 | 63 | 1.398 | 17.354.240 | 14.500 | 11.000 |
| Март | 15 | 48 | 753 | 10.973.580 | 15.100 | 13.500 |
| Април | 15 | 54 | 955 | 12.536.315 | 14.000 | 12.972 |
| Мај | 20 | 79 | 1.487 | 19.320.948 | 13.600 | 12.500 |
| Јуни | 11 | 19 | 478 | 5.770.510 | 12.700 | 11.800 |
| Јули | 12 | 36 | 1.719 | 21.102.350 | 12.560 | 12.000 |
| Август | 16 | 48 | 1.170 | 14.393.976 | 12.800 | 12.150 |
| Септември | 15 | 46 | 1.214 | 15.102.385 | 12.601 | 12.000 |
| Октомври | 13 | 23 | 637 | 7.598.163 | 12.200 | 11.000 |
| Ноември | 13 | 36 | 584 | 6.581.777 | 11.505 | 11.000 |
| Декември 2007 | 5 | 14 | 239 | 2.493.920 | 11.000 | 10.200 |
| Јануари 2008 | 8 | 15 | 198 | 2.101.247 | 10.823 | 10.500 |

*** Податоците за тргувањето со акциите на Банката се превземени од Македонската берза.**

Податоци за тргувањето со приоритетните акции по месеци во текот на 2007 и 2008 г.

| Месец | Денови на тргување | Број на трансакции | Количина | Вредност во мкд | Максимална цена во мкд | Минимална цена во мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари 2007 | 6 | 9 | 78 | 778.330 | 10.800 | 9.500 |
| Февруари | 9 | 16 | 238 | 2.981.000 | 14.000 | 11.000 |
| Март | 9 | 15 | 214 | 2.996.410 | 14.500 | 13.000 |
| Април | 8 | 14 | 445 | 6.146.900 | 14.000 | 12.500 |
| Мај | 15 | 36 | 1.321 | 16.333.966 | 13.000 | 12.000 |
| Јуни | 4 | 9 | 259 | 3.097.496 | 12.499 | 11.500 |
| Јули | 3 | 4 | 99 | 1.184.000 | 12.000 | 11.900 |
| Август | 11 | 21 | 772 | 9.264.000 | 12.000 | 12.000 |
| Септември | 5 | 11 | 521 | 6.261.300 | 12.500 | 11.990 |
| Октомври | 4 | 5 | 109 | 1.308.000 | 12.000 | 12.000 |
| Ноември | / | / | / | / | / | / |
| Декември 2007 | / | / | / | / | / | / |
| Јануари 2008 | 1 | 1 | 43 | 387.043 | 9.001 | 9.001 |

*** Податоците за тргувањето со акциите на Банката се превземени од Македонската берза.**

## 6. Податоци за деловната и развојната политика за Банката за периодот 2008-2010 година

Банката во моментот има изготвено тригодишна стратегија која ги изразува стратешките цели на развојот на Банката за периодот 2008-2010 година кои се утврдени во согласност со Мисијата на Банката, очекувањата за развојот на националната економија, Стратегијата на НЛБ Групација во Македонија, досегашниот развој на Банката и нејзината моментна позиција на пазарот.

Деловните цели на Банката подетално се утврдени во Деловната политика на Банката за 2008 година.

**Стратешки цели и подрачја на кои работи Банката:**

1. Унапредување и промоција на добро корпоративно управување со Банката;
2. Унапредување и развој на организацијата на работа во Банката;
3. Одржување на позицијата на Голема банка во Македонија, преку органско зголемување на потенцијалот и преку докапитализација на Банката;
4. Одржување оптимална среднорочна капитална адекватност;
5. Континуирано зголемување на нето профитот на Банката;
6. Обезбедување стабилна стапка на нето поврат на капиталот;
7. Зголемување на пазарниот удел по различни сегменти во банкарскиот сектор на РМ;
8. Развој на работењето со Корпоративниот и Retail (население) секторот;
9. Обезбедување широка понуда на банкарски продукти и услуги;
10. Маркетинг стратегија;
11. Поддршка на развојот и поширока примена на е-банкарство кај деловните

субјекти во РМ;
12. Поддршка на развојот и широка примена на безготовинското работење;
13. Изнаоѓање нови дистрибутивни канали на пласман на продуктите и побрз и поевтин пристап до нив;
14. Управување со човечките ресурси во Банката;
15. Управување со капитални вложувања;
16. Нови вложувања во деловен простор и мрежа;
17. Унапредување на информативната технологија.

## 7. Податоци за емисијата

### 7.1. Опис на видот и класата на хартии од вредност кои се издаваат

| | |
|---|---|
| Вид на хартии: | должнички хартии од вредност – обврзници |
| Емисија: | прва емисија на обврзници |
| Преносливост: | обврзниците се преносливи |
| Конвертибилност: | обврзниците се неконвертибилни |
| ИСИН број: | не постои. |

### 7.2. Серија на хартиите од вредност

Обврзниците се издаваат во една серија.

### 7.3. Број на хартии од вредност што се издаваат, вид и номиналната вредност на хартиите од вредност

| | |
|---|---|
| Вид на хартии: | должнички хартии од вредност – обврзници |
| Број на обврзници што се издаваат: | 12.000 обврзници |
| Номинална вредност на една обврзница: | 1.000,00 ЕУР |
| Рок на доспевање на обврзницата : | 3 (три) години |
| Висина на каматна стапка: | 6.месечен ЕУРИБОР+ 1,2%. |

### 7.4. Минимален износ на откуп од страна на еден купувач:

100.000,00 ЕУР односно 100 обврзници

### 7.5. Информации за цената по која се нудат обврзниците:

Продажната цена на обврзниците од првата емисија на издавачот НЛБ Тутунска банка АД Скопје изнесува 1.000,00 ЕУР.

При одредување на цената на обврзницата како основен критериум користена е висината на каматната стапка по која банките во Еврозоната се подготвени да позајмат Евра на друга банка на рок од шест месеци. Оваа основица е променлива и истата ќе биде одраз на реалните движења на каматните стапки при што во предвид е земена и зачестеноста на исплатата на купонската камата. Додатокот од 1,2% е оценето како профатливо ниво на цена на извор на средства во однос на намената за која истите ке бидат користени.

### 7.6. Обем и вредност на емисијата

Обврзниците кои се предмет на оваа емисија гласат во Евра (ЕУР). Вупната номинална вредност на емисијата на обврзници изнесува 12.000.000,00 ЕУР во денарска противвредност, пресметана по среден курс на Индикативната курсна листа на Народна банка на Република Македонија, која важи за денот на уплатата.

### 7.7. Намена на средствата

Издавањето на обврзницата се врши поради задоволување на потребата на управување со структурната ликвидност на Банката, управување со каматните ризици и поради обезбедување долгорочни извори за финансирање на активностите на Банката.

### 7.8. Извори на средства од кои ќе се исплаѓаат обврзниците

Обврските по обврзницата ќе се исплаќаат од сопствените средства на Банката и од наплата на побарувања на Банката по основ на редовното работење.

### 7.9. Права кои произлегуваат од обврзницата, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права

Обврзницата се издава врз основа на законската регулатива во Република Македонија.

Обврзницата се издава во нематеријализиран облик.

Права од обврзницата:

Имателот на обврзницата се стекнува со право на камата и право на номинална вредност на обврзницата. Исплатата на камата ќе се врши на полугодишно ниво. Исплатата на номиналната вредност на обврзницата ќе се врши на денот на

доспевање на обврзницата. Имателот на обврзницата нема право од издавачот да бара исплата на правата од обврзницата пред рокот на нивното доспевање. Имателот на обврзницата нема право да ја отповика обврзницата пред нејзиното доспевање.

Начин на остварување на правата од обврзницата:

Исплатата на каматата и главницата ќе се врши на сметката на имателот на обврзницата. Секој сопственик на обврзница мора да обезбеди во Централниот депозитар за хартии од вредност да биде запишана сметката на која се ќе се пренесуваат средствата на име на доспеани обврски од обврзниците. Податоците и информациите за сопственикот на обврзницата, запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност, мора да ги содржат сите елементи кои на издавачот му овозможуваат да ги пренесе средствата на име на доспеани обврски од обврзница на определена банка и соодветна сметка на сопственикот на обврзницата.

За сопственик на обврзницата, на денот на доспевање на одделна обврска од обврзницата, се смета лице во чија корист е книжена обврзницата во Централниот депозитар на хартии од вредност, три работни дена пред денот на доспеаност на секоја одделна обврска.

Правата на сопственост од обврзницата настануваат со запишување на хартијата од вредност како електронски запис на сметката на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија. Со обврзницата располагаат имателите на обврзниците (сопственик на обврзницата). Имателите на обврзницата имаат право на располагање со обврзницата согласно законската регулатива која го регулира работењето со хартии од вредност во Република Македонија.

Обврзницата не е осигурана и не е гарантирана. За обврските кои произлегуваат од обврзницата гарантира издавачот на обврзницата со целокупниот свој имот.

Обврзницата не дава право на учество во добивката на издавачот. Имателот на обврзницата нема право да ја отповика обврзницата пред нејзиното доспевање. Имателот на обврзницата нема право од издавачот да бара исплата на правата од обврзницата пред рокот на нивното доспевање.

Правна положба - редослед на исплата обврските по обврзницата

Сопствениците на обврзниците имаат право на еднаквост и истовременост при редоследот на исплата обврските по обврзницата во однос на други сегашни и идни обврски на Банката.

**7.10. Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена; датум на започнување на рокот за запишување; датум на завршување на рокот за запишување; датум на започнување на рокот за уплата; датум на завршување на рокот за уплата и опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност**

Понудата за запишување на обврзниците ќе биде отворена 90 календарски дена од објавувањето на јавниот повик за запишување и уплата на обврзниците.

Датумот на започнување на рокот за запишување е 14 календарски дена по објавата на јавниот повик за запишување и уплата на обврзниците.

Датумот на завршување на рокот за запишување е 90 календарски дена од објавата на јавниот повик за запишување и уплата на обврзниците.

Датумот на започнување на рокот за уплата е 14 календарски дена по објавата на јавниот повик за запишување и уплата на обврзниците.

Уплатата на средства за запишаните обврзници се врши во рок од 5 календарски дена од запишувањето на истите.

Датумот на завршување на рокот за уплата на обврзницата е 95 календарски дена од објавата на јавниот повик за запишување и уплата на обврзниците.

**7.11. Продажно место на хартиите од вредност**

Запишување и продажба на обврзниците ќе се врши во просториите на:
НЛБ Тутунска банка АД Скопје, бул. 12-та Македонска бригада број 20,1000 Скопје
Кат 1-ви, Канцеларија број 103
Тел. ++ 389 2 3105-883
++ 389 2 3105-848
факс ++ 389 2 3105-694.

Време во кое заинтересираните лица може да запишат и купат обврзници:
Секој работен ден (од понеделник до петок) од 8,00- 16,00 часот.

**7.12. Начин и постапка запишување на обврзниците**

Запишувањето на обврзниците се врши по пат на првенство на временско запишување (прв дојден, прв запишан). Запишувањето и продажбата на обврзниците ќе се врши лично или преку ополномоштено лице во просториите на Банката наведени во точка 7.10., во книга за запишување на заинтересираните лица. Полномошното треба да биде заверено на нотар или друг надлежен орган за заверка на потписи и аполстил доколку се работи за заверка извршена надвор од Република Македонија.

На запишаните лица ќе им се издава потврда за запишани обврзници.

По доставување на доказ за уплатени средства од страна на уплатувачот (заинтересираното лице кое запишало хартии од вредност во книгата ќе се издава потврда за уплатените средства. Доколку во определениот рок за запишување на обврзницата се запишат повеќе обврзници од бројот на обврзниците кои се издаваат,распределбата на обврзниците ќе се врши по пат на првенство на временско запишување.

**7.13. Начин и рок на плаќање на хартиите од вредност**

Обврзниците се плаќаат еднократно, во износ на запишаните обврзници во денарска противвредност, пресметана по среден курс на Индикативната курсна листа на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата. Рокот за уплата на средствата за запишаните обврзници е 5 дена од денот на запишување на истите. Уплатата на средствата за запишаните обврзници ќе се врши на посебна сметка со специјална намена на НЛБ Тутунска банка АД Скопје отворена во ЕРИС под број 210046645310992, наменета исклучиво за уплата на средствата од купување обврзници издадени од прва емисија на обврзници по пат на јавна понуда.

**7.14. Време и начин на предавањето на хартиите од вредност за регистирање кај овластен депозитар**

Правата на сопственост од хартиите од вредност настануваат со запишување на хартијата од вредност на сметка на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија (ЦДХВ). Сите хартии од вредност издадени во Република Македонија се регистрираат во депозитар како електронски запис.

Запишаните и уплатени хартии од вредност по истекот на рокот за запишување и уплата, веднаш ќе бидат предадени за регистрирање во ЦДХВ.

**7.15. Податоци за оданочувањето на приходите од обврзници**

***За домашни правни лица***

Според член 4 од *Законот за Данок од добивка*, Обврзник на данок од добивка е правно лице (субјект) – резидент на Република Македонија која остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Основа за пресметување на данок од добивка (член 8 од *ЗДД*) е добивката која се утврдува во даночниот биланс и која претставува разлика меѓу вкупните приходи и расходи на даночниот обврзникво износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, освен приходите и расходите за кои со овој закон е пропишан друг начин на утврдување. <u>Приходот од каматите на корпоративната обврзница влегува во даночната основа за пресметка на данок од добивка.</u>

Стапката на данок од добивка изнесува 10%. (член 28 од *ЗДД*).

***За странски правни лица***

Согласно член 29-б точка 1 од *Закон за данок на добивка* и член 5-б од *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување,* задржувањето на данок се применува на приход од камата на обврзници. Приход од камата на обврзници вклучува купонска камата, премии и награди кои произлегуваат од обврзниците.

Стапката на данок на приход на странско правно лице од камата на обврзниците изнесува 10%. Ако Република Македонија со државата чиј резидент е странско правно лице, има потпишано договор за одбегнување на двојно оданочување, можат да се применуваат условите од договорот на начин пропишан во член 5-в од

*Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување.*

***За физички (домашни и странски) лица***

Според член 7до 9 од *Законот за персонален данок на доход,* Обврзник на данок на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство и нерезидент на Република Македонија за доходот остварен на територијата на Републиката.

Според член 12 од *ЗПДД*, Данокот на доход се плаќа по стапка од 10%.

Приходите од камата на корпоративна обврзница, влегуваат во приходи од капитал (член 47 од *ЗПДД*), а основа за пресметување на данокот на приход од камата по обврзница претставува износот на пресметаната камата (член 49 од *ЗПДД*).

**7.16. Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата**

Висината на номиналната каматната стапка на обврзницата изнесува:

6.месечен EURIBOR + 1,2% годишно.

Каматата се пресметува на номиналната вредност на обврзницата на денот на доспевање на каматата со примена на пропорционална метода (со примена на календарски број на денови во годината). Каматата се пресметува на тој начин што каматната стапка се множи со номиналната вредност на обврзницата, при што се употребува реален број на денови од каматниот период и реален број на денови во годината. Каматата се заокружува на две децимални места.

EURIBOR за потребите на пресметување камата за обврзниците се утврдува два работни дена пред почетокот на новиот пресметковен период и е непроменлив за целиот пресметковен период. Како извор за податоците за висината на 6.месечен EURIBOR ќе се користат податоците од информативниот сервис REUTERS.

**-Услови за исплата на камата**

Исплатата на камата ќе се врши во корист на сметките на сопствениците на обврзницата.

Издавачот, обврските од обврзницата ќе ги исплатува врз основа на евиденцијата за сопственост во Централниот регистар на хартии од вредност (ЦДХВ) на сметките на евидентираните сопственици на обврзницата, односно на нивните овластени лица на денот на доспеаност на одделна обврска.

За сопственик на обврзницата, на денот на доспевање на одделна обврска од обврзницата, се смета лице во чија корист е книжена обврзницата во Централниот депозитар на хартии од вредност (ЦДХВ), три работни дена пред денот на доспеаност на одделна обврска.

Бидејќи обврзницата не е издадена во материјализирана форма и е запишана во нематеријализирана форма во Централниот депозитар на хартии од вредност (ЦДХВ), секој сопственик на обврзница мора да обезбеди во истиот регистар да биде запишана сметката на која се пренесуваат средствата на име на доспеани обврски од обврзниците. Податоците и информациите за сопственикот на обврзницата, запишани во Централниот депозитар на хартии од вредност (ЦДХВ), мора да ги содржат сите елементи кои на издавачот му овозможуваат да ги пренесе средствата на име на доспеани обврски од обврзница на определена банка и соодветна сметка на сопственикот на обврзницата во случај на банкарски сметки, односно на друга соодветна сметка на сопственикот на обврзницата.

Ако сопственикот на обврзницата на денот на доспевање на побарувањата на име на обврзница не добие средства на својата сметка, тој мора за тоа веднаш да го извести издавачот и да му ги соопшти податоците за правилната сметка, односно други соодветни податоци кои на издавачот му овозможуваат уплата на сметката на сопственикот на обврзницата. За средствата на име на доспеани обврски од обврзница, во случај на нецелосни податоци за сопственикот, кои на издавачот не му овозможуваат да ги уплати средствата на име на доспеани обврски од обврзница на начинот кој е определен согласно со овој проспект, или на друг начин, кој ќе го определи издавачот согласно со прописите, од денот на доспеаноста на обврзницата, не се пресметува камата.

Исплатата на камата ќе се врши полугодишно, сметано од денот на упис на сопственоста на хартиите од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ).

Номиналната вредност на главницата доспева за исплата во целост на датумот на доспевање на обврзницата.

**7.17. Процент на успешност односно процент на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна**

Јавната понуда се смета за успешна ако во предвидениот рок се запишат 60% од хартиите од вредност понудени во Проспектот.

Јавната понуда може да биде затворена и пред истек на предвидениот рок, ако обврзницата е запишана и уплатена во износ повисок од 60% од понудениот износ во Проспектот. Во ваков случај, Комисијата за хартии од вредност и јавноста за затварањето на понудата ќе бидат известени најмалку 15 работни дена пред денот кој ќе биде одреден како ден на завршување на јавната понуда.

**7.17.1. Услови под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите**

Понудата ќе се прогласи за неуспешна доколку во рокот на траењето на јавната понуда не се запише и уплати најмалку 60% од обврзницата понудена во Проспектот.

Во случај на неуспешна понуда, уплатените средства ќе им бидат вратени на инвеститорите заедно со депозитна камата во рок од 5 работни дена од денот на прогласувањето на јавната понуда за неуспешна.

**7.17.2. Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените**

Доколку во определениот рок за запишување на обврзницата се запишат повеќе обврзници од бројат на обврзниците кои се издаваат, распределбата на обврзниците ќе се врши по пат на првенство на временско запишување.

**7.17.3. Начин и време на известување за исходот на јавната понуда**

Известувањето на јавноста за исходот од јавната понуда ќе биде извршено во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на понудата.

Известувањето ќе ги содржи податоците за бројот на запишаните и уплатени обврзници и за процентот на реализацијата на емисијата и ќе биде објавено во дневниот печатен весник: Дневник и КОНА Ditore.

## 8. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ

### 8.1. Документи на увид

Во текот на целото време на важност на овој Проспект, во седиштето на Банката во Скопје, на бул.,, 12-та Македонска бригада,, број 20, кат 1-ви, канцеларија број 103, секој работен ден од (од понеделник до петок) од 8,00- 16,00 часот, следните документи односно копии од истите ќе бидат ставени на увид:

а) Статут на Банката;

б) консолидирани ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години

### 8.2. Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

<u>Увид во документите може да се изврши секој работен ден (од понеделник до петок) од 8,00 до 16,00 часот во просториите на:</u>

НЛБ Тутунска банка АД Скопје, бул. 12-та Македонска бригада број 20,1000 Скопје
Кат 1-ви, Канцеларија број 103
тел: ++ 389 2 3105-883
++ 389 2 3105-848
факс ++ 389 2 3105-694.